СОКОМ 70 години

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



# ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА МУЗИКА
# DAYS OF MACEDONIAN MUSIC

|27.03 - 13.04|2017|

## КОНЦЕРТ НА

## Ансамблот
## „КонТемпора“

Ensemble ConTempora

**Среда, 29 март 2017**
**20.00 часот**
**Музеј на град Скопје**

**Следен концерт:**

Сабота, 1 април 2017, 20.00 часот
АРМ,
**Концерт на Биг Бендот на ЗДМ**
**Диригент: Џијан Емин**

СОКОМ 70 години


**СОЈУЗ НА КОМПОЗИТОРИ НА МАКЕДОНИЈА**
Максим Горки 18, 1000 Скопје, Македонија
тел: + 389 2 3119-824
E-mail: sokom@sokom.mk
www.sokom.mk

**COMPOSERS ASSOCIATION OF MACEDONIA**
Maksim Gorki 18, 1000 Skopje, Macedonia
tel: + 389 2 3119-824
E-mail: sokom@sokom.mk
www.sokom.mk


МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


македонска филхармонија
Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ
GOETHE INSTITUT
МАКЕДОНСКА ОПЕРА И БАЛЕТ
МРТ македонска радио телевизија
Телма 5 Вечер Дневник Весник НОВА МАКЕДОНИЈА ВЕСТ antenna sky

* Светска премиера
** Македонска премиера
º Добитик на награда на Министерството за култура за новосоздадени дела

Маријана Јаневска
**ОСЦИЛАЦИИ** за соло виолина (2013) * º
Симон Поповски - виолина

Маја Јовановска
**ДОРМАНТ** за флејта, кларинет, пијано, виолина, виола, две виолончела и контрабас (2015) * º
Катерина Бачевска - флејта, Игор Иванов - кларинет, Марија Вршкова - пијано, Симон Поповски - виолина, Бојан Талески - виола, Александар Котевски - виолончело, Дејан Теодосиевски - виолончело, Динко Стипаничев - контрабас
Диригент: Ангел Спироски

Никола Крстевски
**АНАМОРФНИ РЕФЛЕКСИИ** за хорна, виолончело и пијано (2016) *
Горан Јанев - хорна, Александар Котевски - виолончело, Марија Вршкова - пијано

Ангел Спироски
**ИТЕРАЦИЈА** за кларинет, виолина, виолончело, контрабас, удиралки и пијано (2015/16) * º
Игор Иванов - кларинет, Симон Поповски - виолина, Дејан Теодосиевски - виолончело, Динко Стипаничев - контрабас, Влатко Нушев - удиралки, Марија Вршкова – пијано,
Диригент: Ангел Спироски

Никола Коларовски
**ТРАНСЦЕДЕНТАЛЕН УНИСОН** за соло флејта (2015) * º
Катерина Бачевска - флејта

Филип Иванов
**СОНАТА** за виолина и пијано (2015) * º
Владимир Костов - виолина, Марија Вршкова - пијано

## АНСАМБЛ "КОНТЕМПОРА"

Формирањето на Ансамблот за современа музика **„КонТемпора"** се наметна како повеќе од добредојден чекор за раздвижување на македонската културна сцена, за отворање на видиците кон нови, поинакви културни вредности. Од своето формирање пред неполни три години до денес, ансамблот „КонТемпора" ја одржува неопходната интеракција помеѓу македонската музичка култура и светот, претставувајќи ги новосоздадените дела на македонските автори, но и на композитори од останатите делови на светот. Ансамблот брои дваесет инструменталисти со значително искуство во изведбата на современа музика, и во зависност од репертоарот делува во различни инструментални формации. Премиерниот концерт на „КонТемпора" беше одржан во септември 2014 година во рамки на Генералното собрание на Европската асоцијација на композитори и сонграјтери (ECSA) во Скопје. Во изминатите три години, составот оствари турнеи во Холандија, Белгија, Австрија, Словенија, Албанија, Бугарија и имаше бројни концерти и настапи на речиси сите значајни фестивали низ Македонија („Денови на македонска музика", „Скопско лето", „Охридско лето", „Златна лира" и „Есенски музички свечености"), секаде свирејќи со интензитет, желба и посветеност на современото творештво и индивидуални творечки естетики. „КонТемпора" во досегашното постоење има снимено повеќе новосоздадени дела од композитори од САД, Иран, Италија, Индонезија и други земји, а на својот репертоар претстави речиси 60 премиерни дела на автори од Македонија, САД, Италија, Индонезија, Велика Британија, но и композиции од музичката литература на 20-тиот век. Ансамблот „КонТемпора" има реализирано и два компакт диска со дела од македонски автори.